Машински факултет
Број 02-368/6
30.04.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 и 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Реферaтот за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 21103 Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 46-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 30 април 2020 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за избор во наставно-научно звање доцент

Асистент д-р Трајче Велковски, се избира во наставно-научно звање доцент во научната област Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа (21103) на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за време од пет години.

О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 11 февруари 2020 година, распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област 21103 Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На Конкурсот се пријави д-р Трајче Велковски, асистент на Машински факултет во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 30 април 2020 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје број 1212 од 1 април 2020 год., со мнозинство од 49 гласа „за“ од присутни – приклучени 53 од вкупно 58 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која асистент д-р Трајче Велковски се избира во наставно-научно звање доцент во научната област Проучување на факторите на работната средина и заштита на работа (21103).

Одлуката да се достави до: именуваниот, општа служба - досие, сметководство, наставно-научен совет и архивата на Машински факултет во Скопје.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев